**ДО:** **Народен правобранител на Република Северна Македонија**
**ул. Македонија бр.19**
**Скопје**

**e-mail:** **contact@ombudsman.mk**

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
УПП Бр./Nr. 09 - 102/26
17. 06 2026 год.
Скопје-Shkup

**Редакција на интернет портал metla.mk**
**Дејан Анастасов**

**e-mail:** **anastasov_d@yahoo.com**

**ПРЕДМЕТ:** **Известување по претставка**

Почитувани,

Народниот правобранител на Република Северна Македонија со допис НП бр.766/26 од 28.04.2026 година, заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (понатаму: Регулаторна комисија за енергетика) како претставка УПП бр.09-102/26 од 08.05.2026 година, препрати допис од Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија бр.19-12/31 од 08.07.2026 година со кој се препраќа обраќање на Дејан Анастасов во име на Редакцијата на интернет порталот metla.mk од 26.03.2026 година до Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија број 09-12/26 од 31.03.2026 година.

Со горенаведениот допис Дејан Анастасов во име на Редакцијата на интернет порталот metla.mk бара од Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија да изврши ревизија на работењето на ЕВН Македонија како надлежен орган за вршење ревизија кај субјекти во кои државата има сопственички удел од причина што до редакцијата на metla.mk пристигнуваат бројни информации и претставки од граѓани и инвеститори кои укажуваат на:

- непропорционално високи трошоци за приклучок на електродистрибутивната мрежа
- нееднаков третман на корисници во слични услови
- ограничен пристап до постоечка инфраструктура
- можни елементи на злоупотреба на монополска положба.

Во истиот допис се наведува и дека горенаведените практики влијаат врз развојот на инвестиции во обновливи извори на енергија, што е во стратешки интерес на државата.

Понатаму, Државниот завод за ревизија со допис бр. 19-12/31 од 08.07.2026 година го препратил горенаведеното обраќање до Народниот правобранител на Република Северна Македонија наведувајќи дека Државниот завод за ревизија согласно Законот за државна ревизија ги врши работите на државната ревизија – испитување на државните ресурси, финансиските извештаи, финансиските трансакции и постапки и другите евиденции од аспект дали истите вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со прифатените сметководствени начела, сметководствени стандарди и стандардите на ревизија кај

одделните правни субјекти. Исто така наведува дека по разгледување на барањето на Дејан Анастасов во име на Редакцијата на интернет порталот metla.mk констатирал дека согласно членови 19 и 22 од Законот за државна ревизија нема надлежност да врши ревизија во ЕВН Македонија, бидејќи друштвото претставува приватно правно лице во кое државата нема сопственички удел, поради што го препратил до Народниот правобранител на Република Северна Македонија.

Народниот правобранител во дописот бр. НП бр.766/26 од 28.04.2026 година до Регулаторната комисија за енергетика бара Регулаторната комисија за енергетика да се произнесе во врска со неговата содржина, како и да му се достават објаснувања, информации и докази во поглед на околноста дали по однос на посочениот случај постои можност за преземање на соодветни дејства од Регулаторната комисија за енергетика, а исто така повторно се обрати и на 19.05.2026 година.

Во врска со претставката, Регулаторната комисија за енергетика се обрати за повеќе информации до Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, како оператор на електродистрибутивниот систем (понатаму: ОДС) и по добивање на одговорот Ве известува за следното:

ОДС во одговорот наведе дека Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, како вршител на енергетска дејност – дистрибуција на електрична енергија и субјект на кој му се пренесени законски овластувања во постапката за решавање на барања за приклучување на корисници на дистрибутивната мрежа, својата дејност ја врши во целосно регулиран и контролиран систем. Во таа насока, Регулаторната комисија за енергетика е надлежна институција која ги одобрува Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, во кои се утврдени начинот, условите и критериумите за приклучување, како и трошоците за приклучување, при што истовремено обезбедува правна заштита на корисниците преку постапување по нивните приговори и жалби. Со оглед на тоа што конкретната претставка не е директно поднесена до нашата компанија, не содржи конкретно барање, ниту пак има јасно определен предмет за постапување согласно важечките законски прописи, истата се отфрла како паушална и неоснована.

Регулаторната комисија за енергетика Ве известува за следното:

Согласно Законот за енергетика* („Службен весник на РСМ“ бр.101/25 и 135/25), достапен на нашата веб страна на следниот линк: https://www.erc.org.mk/page.aspx?id=284. Регулаторната комисија за енергетика го регулира и контролира начинот на вршење на енергетските дејности од овој закон, како и други дејности утврдени со закон, а особено донесува правилници и правила од нејзина надлежност, одобрува одделни правила на вршители на регулирани енергетски дејности, издава лиценци на вршители на енергетски дејности, врши мониторинг на енергетските пазари, врши контрола и надзор на работењето на вршителите на енергетските дејности, одлучува по приговори од корисници, соработува со надлежни органи и организации во државата и странство итн.

Дистрибуцијата на електрична енергија е регулирана енергетска дејност согласно Законот за енергетика* и истата ја врши Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје која има добиено лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија со Одлука за менување и пренос на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија УП1 бр. 09-80/16 од 09.12.2016 година.

Понатаму, правата и обврските на корисниците во однос на приклучувањето со електрична енергија се уредени во Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) (понатаму: Мрежни правила) кои се одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика и достапни на нашата веб страна на следниот линк: https://www.erc.org.mk/page.aspx?id=334.

Согласно член 73 став (1) точка (1) од Законот за енергетика* Регулаторната комисија за енергетика е надлежен орган да одлучува во втор степен по приговори поднесени од корисниците на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија, гас, сурова нафта и нафтени деривати и топлинска енергија против актите на соодветните оператори со кои се одбива пристапот или приклучувањето на соодветниот систем, а во однос на топлинската енергија и против актите на соодветниот оператор со кои се одбива барање за исклучување, како и против актите со кои се утврдува износот на надоместокот и другите услови за приклучувањето, а во однос на топлинската

енергија и против актите со кои се утврдува износот на надоместокот и другите услови за исклучувањето. Постапката во која Регулаторната комисија за енергетика одлучува по приговори е подетално уредена во Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови („Службен весник на РСМ“ бр.233/25), достапни на достапни на нашата веб страна на следниот линк: https://www.erc.org.mk/page.aspx?id=341 .

Имајќи го предвид горенаведеното, доколку располагате со конкретни докази и податоци за наведеното во Вашиот допис, Ве покануваме истите да ги доставите до Регулаторната комисија за енергетика за понатамошно разгледување и постапување согласно нејзините законски надлежности, бидејќи во прилог на Вашиот допис нема никакви конкретни докази.

Исто така Ве информираме дека секој корисник чие барање за приклучување на електродистрибутивната мрежа е одбиено од ОДС или кој не е задоволен од добиеното решение за приклучување на електродистрибутивната мрежа од ОДС, како што се условите за приклучување, односно техничкото решение и надоместокот за приклучување, може да поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика, по кој Регулаторната комисија за енергетика во пропишана постапка ќе прибере докази и податоци од ОДС и ќе донесе соодветно решение кое ќе му биде доставено на корисникот.

На крај, во тек е постапка на одобрување на нови Мрежни правила со цел нивно усогласување со Законот за енергетика* донесен во 2025 година, па доколку имате конкретни забелешки во однос на постојните Мрежни правила и предлози за нивно унапредување, Ве упатуваме да ги доставите истите до Регулаторната комисија за енергетика на erc@erc.org.mk. Исто така, новите предлог мрежни правила се  предмет на разгледување на јавни расправи организирани од страна на ОДС, а ќе бидат предмет и на подготвителна седница на Регулаторната комисија за енергетика, при што истите претходно ќе бидат објавени на нашата веб страна во делот Односи со јавност - Соопштенија за јавност и во Календарот на активности, со покана до јавноста за доставување на забелешки и коментари.

Остануваме на располагање за дополнителни информации.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги**
**и услуги за управување со комунален отпад на**
**Република Северна Македонија**
**Ацо Ристов**

Изготвил: Билјана Јадровска Панова